# ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА ЗА МЛАДИ ГЛАСАЧИ

ЛЕСНО РАЗБИРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА
# ЗА МЛАДИ ГЛАСАЧИ

## ЛЕСНО РАЗБИРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Државната изборна комисија и
Мисијата на ОБСЕ во Скопје
во 2020 година објавија „Прирачник за млади гласачи“.

Во оваа брошура тој прирачник е напишан
во лесно разбирлива верзија.

Брошурата е подготвена во 2021 година
во рамките на проектот
„Поддршка на демократското управување и процесите за инклузија”
на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со
Државната изборна комисија на Република Северна Македонија.
Оригиналната публикација на „Прирачникот за млади гласачи“
претставува конечна и официјална верзија.

Оваа брошура ја преведоа
во лесно разбирлив формат
самозастапниците од Здружение СОЛЕМ и нивните асистенти.

Текстот го преведоа самозастапниците:
Ива Шуминоска
Кристијан Ристевски
Стефан Пешиќ

Лектура: Злата Ѓуроска-Брајовиќ
Илустрации: Игор Стевковски
Графичка обработка и печат: Полиестердеј

Оваа брошура ги следи европските стандарди
за лесно читање и разбирање на информациите.
Дознајте повеќе на: www.inclusion-europe.eu/easy-to-read/

Оваа публикација не ги одразува
гледиштата и ставовите на
Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Сите права се задржани.
Содржината на оваа публикација
може слободно да се користи и умножува
во образовни и други некомерцијални цели.
Услов при секоја таква репродукција е да се наведат
Државната изборна комисија на Република Северна Македонија
и Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

# СОДРЖИНА


**МЛАДИНСКО УЧЕСТВО . . . . . . . . . . . . . . . .6**

**Форми на младинско учество . . . . . . . . . . 10**

**Политичко учество на младите . . . . . . . . . 11**

**ИЗБОРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14**

**Видови на избори што се одржуваат во нашата земја . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16**

**Подготовка и спроведување на изборите . . 20**

**Денес се одржуваат избори . . . . . . . . . . . 22**

**Процес на гласање . . . . . . . . . . . . . . . . . 26**

**Право на глас и заштита . . . . . . . . . . . . . 29**

**Инклузија или инклузивност . . . . . . . . . . 31**

**Лица со попреченост на избори . . . . . . . . 33**

**Учество на жените . . . . . . . . . . . . . . . . . 36**

**Биди промената што сакаш да ја видиш . . . 39**

**КОНТАКТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40**

**Промената на општеството**
**е можна само ако во неа**
**учествува секој човек.**

# МЛАДИНСКО УЧЕСТВО



Политичкото учество и
активните граѓани
се најважните делови
во демократските општества.
**Демократски општества** се
општествата во кои
сите граѓани во државата на избори
избираат кои луѓе ќе се на власт.
Затоа е многу важно младите
да се мотивираат
активно да учествуваат
при носењето одлуки.
Млади се сите луѓе кои имаат
повеќе од 14 години и помалку од 29 години.
Младите луѓе имаат специфични барања
што треба да бидат земени во предвид
при подготвувањето на политики.
Една од најдобрите работи во
демократските општества е
учеството на граѓаните во секојдневниот живот
особено учеството на младите граѓани.
Младинско учество значи активно учество на младите во:

- местата каде живеат
- младински организации
- организации за млади
- младински чадор организации
- политички подмладоци
- ученички организации

- студентски организации
- јавни дебати
- јавни настани
- политиката
- локалните младински совети.

**Младинска организација** е организација во која
повеќето луѓе кои одлучуваат
што ќе работи организацијата
се млади од 15 години до 19 години.

**Организација за млади** е дел од поголема организација
што работи во интерес на младите.
Во организациите за млади членуваат луѓе од сите возрасти.

**Младинска чадор организација** е организација
во која се обединуваат повеќе младински организации
заради исполнување на одредени заеднички интереси.

**Политички подмладок** е оној дел од
која било политичка партија во кој членуваат
млади луѓе со наполнети 18 години.

**Ученичка организација** е организација
во која членуваат средношколци и средношколки.

**Јавен настан** е настан е настан на кој може секој да дојде.

**Јавна дебата** е настан на кој се разговара за одредена тема
пред луѓе кои дошле на настанот.

**Политичка вклученост** е кога го кажуваш твоето мислење
за прашања што те застегаат.

**Локален младински совет** е помошно тело
во секоја општина во кое членуваат млади.
Младите во општината бираат врсници
кои ги бранат желбите на младите во општината.

Преку активното младинско учество

младите луѓе се учат да:

- преземаат одговорност за своите активности
- преземаат одговорност за своите одлуки
- даваат предлози за подобрување на положбата на младите
- даваат идеи за подобрување на положбата на младите
- се вклучуваат во разни активности во општината
- се вклучуваат во разни активности во државата
- се вклучуваат во разни активности во други држави.

На овој начин младите луѓе стекнуваат и развиваат

нови вештини без разлика дали се:

- машки
- женски
- Македонци
- Албанци
- Роми
- Власи
- Срби
- Бошњаци и
- друго.

Меѓународните институции и организации

постојано зборуваат дека е многу важно

младите луѓе да се вклучат при носењето одлуки.

Меѓународни институции се организации како:

- Советот на Европа
- Европската Унија
- ОБСЕ
- Европскиот младински форум.

ОБСЕ е краток назив за

Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

Младите во нашата држава се еднакво важни како

и останатите луѓе.

Младите се важни за процесите што придонесуваат

за развој на демократското општество.

Младите треба да учествуваат

при носењето на сите одлуки што ги засегаат.

Ова значи дека на младите треба да им се даде можност:

- да создадат свое мислење за одлуки што се однесуваат на нив
- да го кажат своето мислење
- да имаат моќ да прифатат одлуки што се однесуваат на нив
- да имаат моќ да одбијат одлуки што се однесуваат на нив.

Нашата држава има донесено

Закон за младинско учество и младински политики

за да се осигура дека младите имаат можност да учествуваат

при носењето одлуки што ги засегаат.

# Форми на младинско учество

Има 2 форми на младинско учество:

- директно
- индиректно.

**Директно учество** е кога младите се вклучени

при носење на политики што ги засегаат.

**Индиректно учество** е кога

политиките што ги засегаат младите ги носи државата

а на младите им се покажуваат.

Има 3 форми на младинско учество:

- конвенционално учество
- институционален активизам
- вонинституционален активизам.

**Конвенционално учество** е кога

младите учествуваат во изборите.

Можат да учествуваат како:

- гласачи
- кандидати во изборите
- набљудувачи на изборите.



**Институционален активизам** е

кога  младите се здружуваат во

граѓански организации.

**Вонинституционален активизам** е кога

младите учествуваат на протести.

# Политичко учество на младите

Политичкото учество на младите може да се случи преку:

- учество во политички партии
- учество при носење на одлуки.

Младите можат да имаат моќ за политичко учество во:

- општините
- државата
- други држави.

Членувањето во политички партии

не смее да биде единствениот начин

за политичко учество на младите.

Политичкото учество на младите треба да биде и преку:

- граѓански организации
- активно младинско учество
- учество при носење на политики за млади.

Младите треба да можат да учествуваат во:

- локалниот младински совет
- гласање на избори
- подготвување на разни стратегии.

Стратегии се планови што опишуваат

како да се постигне одредена цел.

Гласањето на избори е најчестиот начин

на политичко учество.

Голем предизвик е да се убедат младите

да гласаат на избори.

Гласањето на избори е

можност на младите да учествуваат

во политичкиот живот.

Младите можат да гласаат

на избори за:

- пратеници во Собранието на
  Република Северна Македонија
- претставници на општините во кои живеат
- претседател на државата.



Младите можат да се

кандидираат на избори

па другите да ги гласаат.

Младите можат да се

кандидираат да бидат:

- пратеници во Собранието
- советници во општините
- градоначалници.

Во последните неколку години

се гледа дека

има многу мал број на млади

кои гласаат на изборите.

Младите повеќе сакаат политички да учествуваат на други начини.

Голем предизвик за државата е

како да ги убеди младите да гласаат.

Младите денес:

- сè помалку гласаат на избори
- сè помалку им веруваат на политичарите
- се незаинтересирани за политиката.

Младите помалку се интересираат за политиката

бидејќи веруваат дека немаат вистинско влијание врз одлуките.

Младите се плашат дека

политичарите ќе кажат дека ги прашале младите што мислат

а подоцна нема да ги послушаат.

Програмите на политичките партии

- малку ги препознаваат проблемите на младите
- малку се заинтересирани за проблемите на младите
- не нудат доволно решенија за младите.

**Програмите на политичките партии** се

планови на политичките партии

за тоа што ќе направат доколку победат на избори.

Кампањите на политичките партии се:

- средби со граѓаните
- политички митинзи
- рекламирање на телевизија
- рекламирање на радио
- рекламирање на интернет.

Поради сè ова младите можат да не бидат заинтересирани

да гласаат на избори.

Искуствата од други држави ни покажуваат дека

младите се многу важни за менување на

општеството во кое живеат.

Младите можат да помогнат

да го менуваме општеството на подобро само ако се:

- активни
- информирани
- одговорни.

Гласот на младите е важен за прашања што ги засегаат

бидејќи имаат нови идеи и голема желба за промена.

Младите учествуваат во градењето на демократијата и мирот.

# ИЗБОРИ

Секоја промена започнува во моментот
кога ќе донесеш одлука да направиш некаков избор.
Избори правиш секој ден.
Избираш што ќе облечеш.
Избираш што ќе гледаш на телевизија.
Изборот какво општество сакаш
го правиш на денот кога гласаш на избори.
Избирачкото право може да биде:

- активно
- пасивно.



**Активно избирачко право** е кога гласаш
на избори.
**Пасивно избирачко право** е кога
се кандидираш за другите да можат да
гласаат за тебе на избори.
Во нашата држава се одржуваат:

- парламентарни избори
- претседателски избори
- локални избори
- гласање на референдум.

Изборите се:

- општи
- непосредни
- слободни.

**Општи избори** се одржуваат во точно
определено време.

На општи избори бираш:

- кој ќе ја води државата
- кој ќе ја води општината во која живееш.

**Непосредни избори** се кога граѓаните директно ги избираат политичарите на избори.

**Слободни избори** се кога секој граѓанин може

самиот да избере за кого ќе гласа

без друг да го присилува.

Сите избори во Република Северна Македонија се тајни.

Гласањето е тајно кога:

- ти не мора никому да кажеш дали си гласал
- ти не мора никому да кажеш за кого си гласал
- никој не може да те тера да му објасниш зошто така си гласал
- никој не може да те тера да му објасниш зошто не си гласал.

Во овој прирачник ќе зборуваме за:

- видовите на избори што се одржуваат во нашата земја
- начинот на гласање.

# Видови на избори што се одржуваат во нашата земја

## Парламентарни избори



Во Собранието се носат
законите во државата.
Пратениците и пратеничките
кои гласаат за законите
се избираат на избори.
Затоа пратениците се нарекуваат народни избраници.
Граѓаните ги бираат пратениците на избори
за да можат пратениците самостојно да
носат најдобри закони
во интерес на граѓаните и државата.
Кога граѓаните ќе ги изберат пратениците
на избори им даваат право да зборуваат
во нивно име.
Пратениците ги претставуваат граѓаните
во Собранието 4 години.
Пратеници се бираат на секои 4 години.
Нашето Собрание го сочинуваат
најмногу 123 пратеници.



## Претседателски избори

Претседателот ја претставува државата
и е главен командант на војската.
Претседателот ја претставува државата 5 години.
На секои 5 години се одржуваат претседателски избори.
Кандидат за претседател може да биде
секој граѓанин на Република Северна Македонија
со наполнети 40 години.
Едно лице може само 2 пати да биде избрано
да биде претседател.

## Локални избори

На секои 4 години
граѓаните гласаат за локалната власт
во општината во која живеат.
Граѓаните на град Скопје во исто време гласаат за:

- локалната власт во општината во која живеат
- локалната власт на град Скопје.

На денот на изборите гласаме за:

- градоначалник или градоначалничка
- листа на советници во општината.

Советниците и градоначалниците се избираат
секои 4 години.
Кога граѓаните ги бираат
советниците и градоначалниците на избори
им даваат право тие да носат одлуки во општината
во нивно име.

Локалната власт носи одлуки за:

- образованието во општината
- давање на дозволи за градење куќи
- давање на дозволи за градење згради
- чистотата на општината
- изгледот на општината
- културата во општината



Културата во општината се:

- библиотеките
- театарските претстави што се организираат во општината
- концертите што се организираат во општината.

Локалната власт ги бира:

- директорите на основните училишта во општината
- директорите на средните училишта во општината.

На овој начин локалната власт одлучува

какво ќе биде образованието во општината.

Кои личности ќе бидат дел од власта

во општината во која живееш

зависи од тоа:

- дали ќе гласаш на локалните избори
- за кого ќе гласаш на локалните избори.

Ти на денот на изборите одлучуваш:

- како сакаш да изгледа твојата улица во наредните 4 години
- колку често ќе се чисти во општината
- дали редовно ќе се поправа тоа што е оштетено
- дали ќе има повеќе паркови.

## Референдум

На референдум граѓаните го кажуваат

своето мислење за некое прашање.

Референдум може да се распише за:

- прашање што ја засега целата држава
- прашање што ја засега некоја општина.

На референдумот за прашање што ја засега целата држава

гласаат сите граѓани на државата.

Во 2018 година на референдум на државно ниво

сите граѓани имаа право да кажат

дали се согласни да се промени името на државата.

На референдумот за прашање што ја засега некоја општина

гласаат само жителите во таа општина.

Во 2017 година се одржа референдум на локално ниво и на кој

жителите на тие општини имаа право да кажат

дали се против отворање на рудници за злато и бакар.

## Влада на Република Северна Македонија

Владата ја сочинуваат:

- министрите и
- претседателот на Владата.

Претседателот на Владата го викаме и премиер.

За нив не гласаме на избори.

Нив ги бираат пратениците во Собранието.

Кога гласаме на парламентарните избори

бираме која партија ќе ја води Владата во наредните 4 години.

# Подготовка и спроведување на изборите

За подготовката и спроведувањето на изборите се задолжени:

- Државната изборна комисија
- Општинските изборни комисии
- Избирачки одбори

Државната изборна комисија скратено ја викаме ДИК.

Државната изборна комисија е одговорна за:

- подготвување на изборите
- организирање на изборите
- бирање на членовите на општинските изборни комисии
- потврдување на листите на кандидати за парламентарните избори
- објавување на листите на кандидати за парламентарните избори
- потврдување на листите на кандидати за претседателските избори
- објавување на листите на кандидати за претседателските избори
- спроведување на изборите
- објавување на резултатите од парламентарните избори
- објавување на резултатите од претседателските избори.

Општинските изборни комисии скратено ги викаме ОИК.

Општинските изборни комисии:

- ги бираат членовите на избирачките одбори
- им кажуваат на граѓаните на кое место гласаат
- ги потврдуваат листите на кандидати за локалните избори
- ги објавуваат листите на кандидати за локалните избори
- ги спроведуваат изборите на територијата на целата општина
- ги објавуваат резултатите од локалните избори.
- одлучуваат за приговорите поднесени од гласачите во текот на гласањето на самото избирачко место.

Избирачкиот одбор скратено го викаме ИО.

Избирачкиот одбор е составен од 5 члена

кои ги гледаме на местото каде гласаме.

Избирачкиот одбор има обврска да:

- го спроведува гласањето на избирачкото место
- обезбедува тајно и слободно гласање
- ги брои гласачките ливчиња на избирачкото место
- ги утврдува резултатите од гласањето на гласачкото место.

За да се осигураме дека не се кршат

правилата за одржување на избори

изборите ги следат и:

- претставници на кандидатите за кои гласаме
- набљудувачи
- медиумите.

Сите набљудувачи имаат беџ за да може да ги распознаеме.

# Денес се одржуваат избори

Право на глас имаат
сите државјани на Република Северна Македонија
кои имаат наполнето 18 години
и се запипшани во избирачкиот список.
Право на глас имаат и државјани на
Република Северна Македонија кои живеат во други држави.
За да можеш да гласаш на избори
треба да бидеш запишан во избирачкиот список.
Во избирачкиот список се запишуваат
сите граѓани на Република Северна Македонија
кои наполниле 18 години.
За да гласаш мора да имаш важечка лична карта или пасош.
Државната изборна комисија е одговорна за избирачкиот список.
Државната изборна комисија може да запише или
избрише гласач од избирачкиот список.
Секој граѓанин може да провери
дали е запишан во избирачкиот список.
Ако не си запишан во избирачкиот список
а имаш важечка лична карта
треба да поднесеш барање до ДИК да те запишат.



Можеш да провериш дали те има во избирачкиот список или

да се запишеш во него:

- во канцеларијата на ДИК во местото каде што живееш
- преку интернет.

За да провериш или да се запишеш преку интернет

можеш да побараш помош од:

- член од семејството
- пријател
- граѓански организации.

Кога проверуваш дали си запишан во избирачкиот список

може да провериш и:

- каде треба да гласаш
- адресата на местото каде треба да гласаш
- дали местото каде што гласаш е
- пристапно за лица со физичка попреченост.

За да можеш да гласаш мора да носиш:

- важечка лична карта или
- важечки пасош.

Ако не носиш лична карта или пасош

нема да ти дозволат да гласаш.

Ако личната карта или пасошот се истечени

нема да ти дозволат да гласаш.

Нема да ти дозволат да гласаш

со други документи како:

- здравствена книшка
- возачка дозвола
- картичка од банка
- извод на родени.

Гласачките места се отвораат во 7 часот наутро

а се затвораат во 19 часот навечер.

Можеш да гласаш само еднаш.

Не можеш да гласаш повторно откако еднаш си гласал.

ПРОЦЕСОТ НА ГЛАСАЊЕ СЕ ОДВИВА ИСКЛУЧИВО ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД:

1. ПРОВЕРКА НА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА;
2. ПРОВЕРКА СО УРЕД ЗА БИОМЕТРИСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА
3. ПРОВЕРКА И ПОТПИШУВАЊЕ ВО ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК;
4. ИЗДАВАЊЕ ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ;
5. ГЛАСАЊЕ ЗАД ГЛАСАЧКИТЕ ПАРАВАНИ;
6. СТАВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИВЧИЊА ВО ГЛАСАЧКАТА КУТИЈА.





4
6
3
2

# Процес на гласање

Ова е процесот на гласање на избори

во Република Северна Македонија.

Процесот на гласање се одвива

по следните чекори:

1. Гласачите пристапуваат да гласаат еден по еден.

2. Кога ќе пристапиш да гласаш

   избирачкиот одбор ќе го провери

   твојот личен идентитет.

   Личен идентитет е твоето име и презиме.

   Ова значи дека член на Избирачкиот одбор

   ќе провери дали си запишан во избирачкиот

   список и дали гласаш во свое име.



3. Личниот идентитет го докажуваш со:
   - важечка лична карта
   - важечки пасош
   - отпечаток од прст.



4. Нема да можеш да гласаш иако си

   запишан во Избирачкиот список ако:
   - немаш важечка лична карта
   - немаш важечки пасош
   - отпечатокот од прст не се совпаѓа со отпечатокот од прст во електронскиот избирачки список.



Отпечатокот од прст во електронскиот избирачки список е ист со отпечатокот што ни го бара полицијата кога вадиме лична карта.



5. Избирачкиот одбор врши проверка дека немаш претходно гласано.

6. Со земање на отпечаток од показалецот од десната рака членовите на изборниот одбор проверуваат дека:
   - ти вистина го искористуваш твоето гласачко право
   - дека немаш гласано претходно.
   - Доколку немаш десен показалец се зема отпечаток од наредниот прст.

7. На екранот на мониторот ќе се појави твојата слика и редниот број во избирачкиот список.
   Откако ќе се појави твојата слика ќе се потпишеш во избирачкиот список.
   Ако опремата не работи во моментот кога гласаш изборниот одбор има начин како да ти овозможи да гласаш.




8. Ќе добиеш гласачко ливче.
   Членот на избирачкиот одбор:
   - ќе скине 1 гласачко ливче
   - на тоа гласачко ливче ќе му стави печат
   - ќе ти го даде гласачкото ливче
   - ќе ти објасни како се гласа.



9. Гласаш самостојно зад гласачкиот параван со заокружување на редниот број пред само еден кандидат со пенкалото што е оставено зад паравtotот.



10. Откако ќе го заокружиш твојот кандидат:
    - превиткај го гласачкото ливче
    - стави го во гласачката кутија.

Лицата со попреченост можат да побараат помош при гласањето од личност на која ѝ веруваат.

Доколку згрешиш нема да добиеш друго гласачко ливче.



На овој начин Избирачкиот одбор се осигурува дека:

- не може да гласаш повторно
- твоето право на гласање не е злоупотребено.

# Право на глас и заштита

Правото на глас е загарантирано право на секој граѓанин.

Твоето право на глас е само твое.

Никој не смее:

- да ти го одземе правото на глас
- да ти плати за да гласаш за некој кандидат
- да те уценува за да гласаш за некој кандидат
- да ти се заканува за да гласаш за некој кандидат.

Ако некој се обиде да го направи ова треба:

- да го пријавиш кај општинската изборна комисија
- да побараш помош од некоја од организациите напишани на крајот на оваа брошура.

Гласањето е тајно и никој не може да дознае за кого си гласал.

За да се осигура дека гласањето е тајно

сите гласачки ливчиња се исти.

Во Општинската изборна комисија може да пријавиш доколку:

- мислиш дека е повредено твоето избирачко право
- не ти било дозволено да гласаш.

Таму ќе ти дадат да пополниш формулар.

Ќе ти помогнат да го пополниш формуларот.

Еден примерок од формуларот ќе го земат тие.

Другиот примерок од формуларот е за тебе.

Во рок од 2 часа Општинската изборна

комисија ќе донесе одлука за

твојата пријава.

Пријава може да поднесеш

и на интернет на веб страната

www.prigovori.sec.mk.




Ако не се согласуваш со нивната одлука

имаш право да поднесеш тужба до Управниот суд.

Може да побараш помош од некоја од организациите

напишани на крајот на оваа брошура.

Доколку мислиш дека е повредено твоето избирачко право

може да пријавиш и кај:

- Канцеларијата на народниот правобранител
- набљудувачите на изборите
- невладините организации
- полицијата.

Не премолчувај доколку мислиш дека е повредено

твоето избирачко право.

Спротистави се на секој кој се обидува

да го загрози твоето право на глас.

# Инклузија или инклузивност



**Инклузија** значи вклученост.
За да разбереме што значи да си вклучен треба да разбереме што се еднаквост и дискриминација.

**Еднаквост** е кога сите сме рамноправни и имаме исти права и слободи.



**Дискриминација** е избегнување или двоење на некој човек или група на луѓе без посебна причина само зашто е различен од нас. Луѓето кои се дискриминирани не можат да ги остварат своите права и слободи како другите луѓе.
Луѓето можат да бидат дискриминирани поради:

- бојата на кожата
- местото од каде доаѓаат
- националната припадност
- етничката припадност
- полот
- луѓето кои ги сакаат
- јазикот што го зборуваат
- попреченоста
- верата
- друго.

Затоа вклученост во изборниот процес е кога

сите граѓани во државата имаат право да гласаат

без разлика на:

- бојата на кожата
- местото од каде доаѓаат
- националната припадност
- етничката припадност
- полот
- луѓето кои ги сакаат
- јазикот што го зборуваат
- попреченоста
- верата и
- друго.



Во Република Северна Македонија

на лицата со одземена деловна способност

за кои судот утврдил

дека не можат

слободно да ја изразат својата волја

не им е дозволено да гласаат.



Правото и можноста

сите граѓани на државата

да гласаат на избори

се важни за демократијата.

Не сите граѓани имаат можност

да го искористат своето право на глас

иако тоа право е напишано во законот.



Затоа државата мора да направи сè што може

да ја спречи дискриминацијата

врз дел од нејзините граѓани.

# Лица со попреченост на избори

Лицата со попреченост се соочуваат со пречки

при остварување на нивните права да учествуваат на избори.

Имаат пречки без разлика дали се:

- гласачи
- кандидати на изборите
- вработени во изборната администрација
- набљудувачи на изборите.

Една од пречките за остварување на гласачкото право е

непристапноста на избирачките места.

Доколку местото за

гласање има скали

а нема рампа или лифт

лицата со физичка

попреченост не можат

да влезат внатре.



Ова значи дека тие таму не можат:

- да гласаат
- да бидат набљудувачи
- да бидат членови на избирачкиот одбор.

Слабовидните и слепите лица не можат да го

прочитаат гласачкото ливче.

За да можат сами да гласаат

треба да им се направат

изборни ливчиња на Брајово писмо.



Помош при гласањето треба да им се даде доколку тие:

- не знаат да читаат на Брајово писмо
- нема ливчиња на Брајово писмо.

Може да се случи во текот на гласањето
член на избирачкиот одбор да те замоли
да му помогнеш на друго
лице со попреченост да го оствари
своето гласачко право.
Тоа е дозволено со закон.
Член од избирачкиот одбор ќе
ти каже што треба да правиш.
Секогаш треба да си спремен
да помогнеш.
Мора да запомниш дека
ти не гласаш место лицето
на кое му даваш поддршка.
Ти само му помагаш тој да го
искористи своето право на глас
дури и кога сака да гласа
различно од тебе.



Лицата со сензорна попреченост не можат да ги
следат предизборните кампањи.
Лица со сензорна попреченост се:

- слепи лица
- слабовидни лица
- глуви лица
- лица со пречки во слухот.

Поради тоа имаат недостаток од
информации.
Поради тоа имаат проблем да бидат:

- кандидати на изборите
- набљудувачи на изборите
- членови на избирачките одбори.

Во Република Северна Македонија досега ниту едно лице со попреченост не било:



- пратеник во Собранието
- градоначалник
- министер во Владата.

Младите лица со попреченост се соочуваат со сите овие проблеми. Младинското учество и активизам подразбира преземање активности за подобрување на можностите на лицата со попреченост да учествуваат во изборниот процес.

# Учество на жените



Во Република Северна Македонија

има многу млади жени кои можат:

- да се кандидираат на избори
- да бидат избрани на избори
- да гласаат
- да бидат дел од избирачките одбори.

Иако во законите пишува дека

жените и мажите ги имаат истите права

многу помалку жени учествуваат во политиката.

Така е во сите држави во светот.

Така е поради мислењето дека жените треба:

- да бидат само сопруги и мајки
- само да се грижат за домаќинството
- помалку да се покажуваат во јавност
- помалку да зборуваат во јавност
- успехот во работата да не им е важен
- и така натаму.

Важно е да се гледа колку жени се

кандидирале да бидат:

- пратенички во Собранието
- градоначалнички
- претседателки на Република Северна Македонија.

Така гледаме што треба да се направи

за да се поттикнат жените

повеќе да учествуваат.

Една од добрите мерки се квотите.

Квота е број што е однапред утврден за тоа:

- колку жени претставнички мора да има во некој орган
- колку жени мора да има на листата на кандидати на изборите.

Законот вели дека мора да има одреден број на жени пратенички.

Проблем кај некои жени и причина за дискриминација се:

- верата
- јазикот
- попреченоста
- сиромаштијата
- образованието
- немањето на лични документи
- возраста.

Семејно гласање е кога некој член од семејството

му кажува на друг член од семејството

за кого да гласа.

На пример семејно гласање е кога мажот ѝ кажува на жената

или на ќерката за кого да гласа.

Семејно гласање е кога братот

ѝ кажува на сестрата за кого да гласа.

Семејното гласање е поголем проблем во селата и

најчесто ги засега жените.

Одлуката за кого ќе го дадеш твојот глас треба да ја донесеш сам.

Кога жените се кандидираат на избори

за нив почесто се зборува лошо

отколку за мажите кандидати.

Може да се забележат повеќе

навредливи коментари на Фејсбук

кон млади жени политичарки и жени кои се борат за права

отколку кон мажи политичари и борци за права.

Младите луѓе кои се кандидираат

да учествуваат во изборниот процес не смеат да бидат:

- потценувани
- навредувани
- вознемирувани.

ДИК мора да воведува мерки

за да се олесни учеството на избори на:

- жените
- лицата со попреченост
- помалите заедници.

# Биди промената што сакаш да ја видиш

Ние сме огледало на целиот свет.

Ако се смениме себеси

ќе го промениме и светот.

Оваа порака треба да нѐ поттикне сите нас

а особено младите луѓе.

Младите луѓе се сегашноста и иднината на нашата држава.

Младите луѓе се сегашноста и иднината на сите држави во светот.

Вклученоста на младите придонесува за

позитивни промени во општеството во кое живееме.

Секој за себе има право да одлучи што е најдобро за него самиот.

Изборите се најголемото добро во демократијата.

Сите ние заедно гласаме и сите одлучуваме какви ќе бидат:

- училиштата
- работните места
- здравството
- вработеноста на младите.

Само со ваков пристап може да се изгради заедништво

меѓу младите и институциите на државата.

Изборните ветувања на кандидатите треба:

- да бидат остварливи
- да ги вклучат очекувањата на младите
- да ги вклучат потребите на младите.

Најдобар начин да се оствари ова е да се

поттикнат младите да гласаат на избори.

Државната изборна комисија е партнер на младите во сите избори.

# КОНТАКТИ

**Државната изборна комисија**

Телефон: 02 3244 744

Адреса: Улица „Св. Кирил и Методиј“ број 54

1000 Скопје

Електронска пошта: izbori@sec.mk

**Здруженија кои обезбедуваат поддршка на лица со попреченост:**

Здружение на граѓани за поддршка

на лица со посебни потреби **СОЛЕМ** - Скопје

02/2467-551

info@solem.org.mk

Здружение за промоција и развој на инклузивно општество **ИНКЛУЗИВА**

076 279 662

076 279 663

inkluziva@gmail.com

www.inkluziva.mk

**ПОЛИО ПЛУС** – движење против хендикеп

02 2400 544

polioplus@polioplus.org.mk

www.polioplus.org.mk

Здружение на граѓани **РЕСУРСЕН ЦЕНТАР**

на родители на деца со посебни потреби

078 290 246

078 449 851

resursen.centar@yahoo.com

www.resursencentar.mk

Здружение на граѓани **ЦИВИЛ** - Центар за слобода

02 5209 176

civil@civil.org.mk

www.civil.org.mk